## Планирање на наставата по Слободен изборен предмет- Разрешување конфликти за VI одд. според новата концепција за основно обрразование за учебната 2023/2024 год.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Разрешување конфликти |
| **Изготвил:** | БРО |
| **Адаптирале:** | Сузана Станковиќ Стефановска |
| **Училиште :** | ООУ „Александар Македонски“ Скопје |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | 1. Конфликтите се дел од животот<br>2. Однесувањето и конфликтите<br>3. Потребите и вредностите како извори на конфликти<br>4. Лутината и конфликтите<br>5. Комуникацијата и конфликтите<br>6. Разрешувањето на конфликтите |
| **Број на часови** | 36 |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (телевизор, таблет,ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла,<br>• таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди)<br>• Интернет, образовни софтвери<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, бајц, лавиран туш, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи)<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти) |

# ИГРИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја: **Личен и социјален развој** и **Општество и демократска култура**.

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себеси и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |

| | |
|---|---|
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

### Тема 1: *КОНФЛИКТИТЕ СЕ ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ*

***Знаења/вештини***

- Сфаќа дека под поимот *конфликт* најчесто се подразбираат непријатни настани со кои се врзуваат негативни чувства.
- Знае дека конфликтите ги предизвикуваат ситуации од секојдневниот живот на луѓето.
- Може да ги препознае конфликтите кои се случуваат во секојдневниот живот (на училиште, во домот, во соседството).
- Може да ги идентификува страните во конфликтот.

| | |
|---|---|
| • Сфаќа дека страните во конфликтот гледаат различно на самиот конфликт и дека доколку секоја страна може да се стави на местото на другата, конфликтот полесно ќе се разреши. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Прифаќа дека конфликтите се неизбежен дел од животот на луѓето.<br>• Смета дека конфликтите се заеднички проблем на двете конфронтирани страни. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Што е конфликт?**<br>(Караница, тепачка, удирање/клоцање, пцуење, навредување, војна)<br>3 часа | • Секој ученик/ученичка прво кажува *Здраво,* па се претставува себе си, кажувајќи го своето име (без презиме) и наведувајќи нешто што го/ја лути кога другите му/ѝ го прават (на пример: *Здраво, јас сум Дона! Многу се лутам кога некој ми се дере без потреба*.) После секое претставување другите ученици во ист глас отпоздравуваат (пример: *Здраво, Дона!*). Наставникот посочува дека она што еден ученик го навел како причина за лутење не смее да се повтори од страна на друг ученик (и внимава тоа доследно да се спроведува).<br>• Наставникот им прикажува на учениците ситуации од секојдневниот живот кои се потенцијални извори на конфликти и учениците дискутираат за тоа како се чувствуваат во таквите ситуации и зошто.<br>• Учениците, поделени во групи, запишуваат различни видови однесувања кои ги асоцираат на конфликт (пример: караница, тепачка, пцуење, клоцање, навредување) и потоа презентираат што запишале и зошто.<br>• На учениците им се презентираат различни конфликти од секојдневието на учениците (меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците во училиште, меѓу децата и родителите/старателите и меѓу браќата/сестрите дома, како и меѓу другарите и возрасните во соседството), а учениците (поделени во групи) ги идентификуваат страните во секој конфликт и последиците од конфликтите по односите меѓу вклучените страни. Во отворена дискусија се посочуваат и други слични конфликти од непосредното искуство на учениците.<br>• Учениците, поделени во групи, добиваат стрипови кои ги анализираат од аспект на присуството на конфликт и начинот на кој дошло до него. Се води заедничка дискусија за тоа дали конфликтите можеле да се избегнат и како. |
| • **Како страните гледаат на конфликтот?**<br>(Сопствено и туѓо гледиште) | • Се чита приказната за слонот и шесте слепи мудреци и од учениците се бара да ја одглумат. Се води отворена дискусија за да се констатира дека е опишан проблем кој произлегува од тоа што секој учесник гледа различно на иста работа. На учениците им се прикажува двојна слика (на пример: вазна/два профила) и се прашуваат што гледаат на сликата. Се води отворена дискусија за да се констатира дека луѓето може да |

| | |
|---|---|
| 2 часа | видат различни нешта во иста слика и тогаш кога добро гледаат. На учениците им се прикажува илустрација на еден настан каде што е прикажана реакцијата на дете кое сведочи како автомобил удира во момче на велосипед, а потоа на другарите не им кажува за несреќата, туку за велосипедот што го видел. Се води отворена дискусија за да се констатира дека што луѓето ќе видат во дадена ситуација во голема мера зависи од нивните интереси.<br>• Се чита ситуација во која е опишан настан во кој едно дете добива казна од мајка му затоа што не дошло дома на време, без мајка му да знае дека тоа го направило затоа што му помагало на соученик по барање на наставникот. Се води отворена дискусија за да се констатира дека до конфликтот дошло затоа што двете страни не разговарале за причините на нивното однесување. Учениците глумат како би требало да изгледа разговорот меѓу мајката и детето кога и двајцата би сакале да погледнат на ситуацијата со очите на другиот.<br>• Учениците, поделени во парови, добиваат илустрација во која се прикажани две деца како се расправаат за нешто (на пример: кој ќе игра со топка, што ќе се гледа на телевизија). Едниот ученик од паротребa да смисли и напише што вели едното дете на илустрацијата, а другиот ученик треба да смисли и напише што вели другото дете. Од неколку пара се бара да го одглумат дијалогот што го напишале. Потоа од паровите се бара да ги заменат улогите и да ја одглумат ситуацијата на таков начин. Се води отворена дискусија со цел да се заклучи дека доколку страните може да се стават на местото на другиот, на конфликтот се гледа на поинаков начин.<br>• На учениците, поделени во групи, им се задава квиз *ТОЧНО/НЕТОЧНО* со тврдења кои го резимираат она што се учеше на часовите од темата „Конфликтите се дел од животот“. Откако ќе го одговорат, за точноста на дадените одговори се дискутира со сите. |

**Тема 2:** ***ОДНЕСУВАЊЕТО И КОНФЛИКТИТЕ***

***Знаења/вештини***

- Прави разлика меѓу соодветно и несоодветно однесување и разбира како соодветноста на однесувањето е определена од ситуацијата во која се манифестира.
- Знае дека несоодветното однесување може да предизвика конфликт.
- Разбира како под влијание на другарите може да се предизвика штета на објекти и физичка и психичка повреда на други.
- Прави разлика меѓу пријателско и непријателско однесување во конфликтна ситуација.

***Ставови/вредности***

- Ја разбира важноста од преземањето одговорност за сопственото однесување.

| • Верува дека соработката меѓу страните во конфликтот води кон праведно решение. | |
|---|---|
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Соодветно и несоодветно однесување** (научено и вродено однесување, одговорно и неодговорно однесување, физичка штета, психичка и физичка повреда)<br>2 часа | • Во отворена дискусија се дефинира поимот *однесување* како севкупност на постапките на секој човек. Преку работен лист во кој се наведени најмалку 15 различни постапки (на пример: дишење, врзување врвки, кивање, чкртање по ѕидови, пливање, пцуење, лажење) учениците, поделени во групи, определуваат кое однесување е вродено, а кое се научува/стекнува. Во заедничка дискусија се определува од каде се гледа дека наведената постапка е вродена, односно научена. Секоја група добива задача да смисли три други постапки кои се вродени и три кои се научени. На крајот секоја група ги презентира одговорите со објаснување зошто се сметаат за такви.<br>• Се води отворена дискусија со цел да се направи разлика меѓу соодветно и несоодветно однесување на тој начин што ќе се согледа дека од децата не се очекува да се однесуваат на ист начин кога се на различни места (на пример: во ресторан и дома за време на јадење, на игралиште и дома за време на играње) и кон сите (пример: кон родителите, кон другарите, кон наставниците). На учениците, поделени во групи, им се дава работен лист со најмалку 15 различни постапки (на пример: пеење, играње со топка, трчање, фрлање отпадоци, удирање, чкртање, плукање) со задача за секоја наведена постапка да определат дали е соодветна и/или несоодветна и кога е соодветна, а кога не е. Групите ги презентираат своите одговори и на крајот, преку отворена дискусија, се заклучува дека соодветноста на однесувањето/постапката зависи од ситуацијата во која се случува.<br>• На учениците, поделени во групи, им се дава задача да смислат и запишат по најмалку три однесувања за време на часот кои се соодветни и три други кои не се соодветни. Секоја група го презентира напишаното и објаснува зошто наведените однесувања ги смета за соодветни, односно за несоодветни. На крајот, преку отворена дискусија, се заклучува дека секое однесување што им пречи на другите е несоодветно.<br>• На учениците им се чита опис на две ситуации во кои учествуваат повеќе деца: во едната ситуација се нанесува штета на возило од страна на неколку деца (физичка штета), а во друга ситуации неколку деца навредуваат и удираат друго дете поради неговиот изглед (физичка и психичка повреда), при што едно од децата предлага што да се прави, другото поддржува, а третото прифаќа да учествува. Читањето повремено се прекинува и од учениците се бара да кажат што мислат дека се случило понатаму, без тоа посебно да се коментира. Потоа се дискутира за одговорноста на секое дете во ситуацијата за да се заклучи дека секој е одговорен за сопствените постапки, без оглед на тоа дали е иницијатор или е само следбеник. По завршување со читањето на двете ситуации, од учениците се бара да опишат слична ситуација кога самите |

| | |
|---|---|
| | направиле физичка или психичка штета под влијание на другарите и што требале да направат за да не учествуваат во тоа. |
| • **Позитивен и негативен приод кон конфликтите**<br>(соработка наместо судир, пријателско наспроти непријателско однесување)<br>3 часа | • Со помош на јаже наставникот демонстрира што значи кога двајца настапуваат како противници (преку играта „Тегнење со јаже“), а што кога настапуваат како соработници (преку играта „Одврзи се ако можеш“). Потоа учениците, преку дискусија, ги споредуваат двете ситуации со конфликтни ситуации од секојдневниот живот.<br>• Учениците, поделени во парови, ги редат деловите од илустрираната приказна за гладните магариња според редоследот на случување, а потоа по еден ученик (од различни парови) раскажува по една сцена од приказната. На крајот се води дискусија со сите со цел да се разбере дека конфликтот е заеднички проблем што може да се реши преку соработка.<br>• Учениците, поделени во групи, составуваат квадрати од деловите што ги добил секој од нив, при што се принудени да соработуваат според дадени правила (без зборување, без договарање со знаци, без земање или барање, само со давање). Потоа се дискутира за значењето на соработката при решавање заеднички проблем.<br>• На учениците им се прикажуваат конфликтни ситуации (од дадени илустрации), прво со непријателско обраќање и реагирање, а потоа со пријателско, а од нив се бара да ги изглумат ситуациите и се дискутира која е разликата меѓу едното и другото обраќање и реагирање. На учениците, поделени во групи, им се дава задача да смислат непријателско и пријателско однесување во дадена ситуација и да го одглумат тоа што го смислиле.<br>• На учениците, поделени во групи, им се задава квиз *ТОЧНО/НЕТОЧНО* со тврдења кои го резимираат она што се учеше на часовите од темата „Однесувањето и конфликтите“. Откако ќе го одговорат, за точноста на дадените одговори се дискутира со сите. |

## Тема 3: *ПОТРЕБИТЕ И ВРЕДНОСТИТЕ КАКО ИЗВОРИ НА КОНФЛИКТИ*

***Знаења/вештини***

- Ја разбира разликата меѓу.../прави разлика меѓу...
- Може да ги прикаже и идентификува базичните потреби на луѓето и да го објасни нивното значење.
- Разбира како базичните потреби влијаат врз однесувањето на луѓето.
- Сфаќа дека конфликтите може да се јават како последица на незадоволени базични потреби.
- Знае дека потребата за љубов и пријателство ги тера луѓето, особено децата, да ризикуваат, донесувајќи се себеси, но и другите во опасност.

| | |
|---|---|
| • Сфаќа дека вредностите влијаат врз однесувањето на луѓето и врз одлуките кои ги донесуваат.<br>• Знае дека судирот меѓу различни вредности може да предизвика конфликт не само со другите туку и со самиот/самата себе. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Ја прифаќа важноста на задоволувањето на базичните потреби на другата страна во конфликтот.<br>• Прифаќа дека другите луѓе може да имаат различни вредности од него/неа. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Базични потреби** (потреби за преживување, за сигурност, за љубов и пријателство, за почитување и за самоостварување)<br>2 часа | • Наставникот ги објаснува базичните потреби користејќи презентација на која се наведени и дефинирани потребите за преживување, за сигурност, за љубов и пријателство, за почитување и за самоостварување како потреби на сите луѓе. Потоа учениците, поделени во групи, добиваат лист со куси описи на ситуации во кои се вклучени различни потреби (1 до 2) со задача да ги идентификуваат потребите кои се загрозени во секоја од наведените ситуации. Откако дадените одговори ќе се усогласат со точните, се води отворена дискусија за тоа што правеле во текот на претходниот ден и кои потреби ги задоволиле на тој начин, а кои не им биле задоволени и зошто.<br>• Се чита опис на ситуација во која едно дете мисли дека неговата потреба за љубов од родителите ја загрозува неговото помало братче/сестриче затоа што родителите му посветуваат повеќе време. Се води отворена дискусија за тоа како потребата за љубов може да биде задоволена на соодветен начин, без да ги загрози потребите на другите. Потоа се чита опис на ситуација во која едно дете е прогласено за кукавица затоа што одбива да учествува во опасна игра со другарите. Се води отворена дискусија за тоа како потребата за пријателство може да биде задоволена на соодветен начин, без да ги загрози другите потреби. На крајот од учениците се бара да наведат слични ситуации од нивното секојдневие.<br>• Од учениците, поделени во групи, се бара на работен лист со нацртани контури на балони да напишат што не би требало да прават во име на љубов и пријателство и тогаш кога некој ги предизвикува (на пример: лажење, крадење, пушење). Секоја група го презентира напишаното. Потоа од истите групи ученици на друг работен лист со нацртани контури на цвеќиња се бара да напишат што би направиле за да добијат и да дадат љубов и пријателство (пример: давање подароци, играње заеднички игри, споделување сендвич). Секоја група го презентира напишаното. Преку отворена дискусија се констатира дека постапките на луѓето предизвикани од различните потреби може да доведат до конфликти, но и дека преку почитување на потребите на другите може да се избегнат конфликтите. |

| | |
|---|---|
| • **Разлики во вредностите** (внатрешен конфликт) 2 часа | • Секој ученик добива список со најмалку 20 различни вредности (на пример: мир, верност, образование, доверба, моќ, успех, слава, здравје, чесност, почит, храброст) и избира пет кои ќе ги понесе со себе доколку треба ненадејно да ја напушти планетата Земја со вселенски брод. Потоа учениците се делат во групи и сега секоја група мора заеднички да избере пет вредности кои групата ќе ги понесе со себе. Секоја група презентира кои вредности ги избрала, а наставникот ги запишува на табла, па се констатира кои вредности се најчесто, а кои најретко бирани (кои се покажале како најважни, а кои како најмалку важни) и се бара објаснување од учениците зошто е тоа така. Откако наставникот ќе ги дефинира вредностите како нешта што ни се важни и во кои веруваме, се води отворена дискусија со цел да се констатира дека е сосема нормално луѓето да се разликуваат по тоа кои вредности им се најважни.<br>• Наставникот презентира најмалку три ситуации од секојдневниот живот кои може да предизвикаат внатрешни конфликти поради судир на различни вредности што се случува кај една личност (на пример: 1) дете сака чоколадо, а нема пари да го купи, но може да украде од продавница; 2) дете наоѓа на улица паричник со многу пари и со лични документи; 3) дете мора да учи за тест, а другарите го викаат да оди со нив на роденден). По презентацијата на секоја ситуација се дискутира кои вредности се судираат и која тие би ја избрале и зошто.<br>• Од учениците, поделени во групи, се бара да смислуваат ситуации од секојдневието во кои разликите во вредностите меѓу децата или меѓу возрасните и децата може да доведат до конфликти. Секоја група треба прво да ја одглуми ситуацијата, а потоа да објасни кои се вредностите на секоја страна што го предизвикале конфликтот.<br>• На учениците, поделени во групи, им се задава квиз *ТОЧНО/НЕТОЧНО* со тврдења кои го резимираат она што се учеше на часовите од темата „Потребите и вредностите како извори на конфликти“. Откако ќе го одговорат, за точноста на дадените одговори се дискутира со сите. |

## Тема 4: *ЛУТИНАТА И КОНФЛИКТИТЕ*

| ***Знаења/вештини*** |
|---|
| • Може да ги препознае и прикаже различните емоции изразени на невербален начин.<br>• Разбира како одделни невербални гестови и мимики може да доведат до конфликт.<br>• Знае дека поместувањето на лутината може да доведе до конфликт.<br>• Умее да ги применува основните начини на контрола на сопствената лутина.<br>• Може да препознае постапки предизвикани од лутина и да понуди постапки за неутрализација на лутината. |

| *Ставови/вредности* | |
|---|---|
| • Го осудува напаѓачкото однесување како реакција на неконтролирана лутина.<br>• Прифаќа дека контролата на сопствената лутина е битна за избегнување или разрешување на конфликтите.<br>• Подготвен/подготвена е да презема активности за неутрализација на лутината на другата страна. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Изразување на емоциите** (невербално изразување)<br>1 час | • Секој ученик добива лист со најмалку 10 кружчиња во кои треба да нацрта лице кое покажува како се чувствува оној/онаа кој се наоѓа во ситуацијата опишана под кружето (примери за ситуации: направил/направила најдобар тест, му/ѝ ги украле патиките, сам/сама гледа страшен филм дома, го/ја фатиле во лага, не му/ѝ го исполниле ветувањето, му/ѝ умрело домашното милениче, им помогнал/помогнала на родителите). Учениците, поделени во групи, ги споредуваат нацртаните лица и заеднички идентификуваат кои чувства би требало да ги одразуваат нацртаните лица (пример: гордост, лутина, страв, засраменост, разочараност, тага, задоволство). Секоја група ги презентира идентификуваните чувства и опишува како изгледаат лицата на тие што ги доживуваат наведените чувства. Потоа секоја група добива најмалку една од ситуациите за да ги претстави, освен со лицето и со целото тело, поставувајќи ги рацете, рамениците и нозете во соодветна положба или движејќи ги со соодветна гестикулација. На крајот, преку отворена дискусија, се согледува дека луѓето се изразуваат и невербално – преку лицето и телото (без зборови).<br>• Учениците, поделени во групи, смислуваат различни видови невербално изразување кои може да предизвикаат конфликт (пример: исплазување на јазикот, покажување среден прст, потценувачки и навредливи движења со рацете), а потоа ги прикажуваат пред другите и објаснуваат зошто тие предизвикуваат конфликт. |
| • **Лутина и напаѓачко однесување** (поместување на лутината, контрола на сопствената лутина, неутрализирање на лутината на другата страна) | • Наставникот чита приказна во која на симболичен начин е опишано како се проширува конфликтот со вклучување на нови страни поради поместувањето на лутината од причинителот на друг. Се води отворена дискусија преку која се идентификуваат страните во конфликтот и се анализираат последиците од нивното вклучување во конфликтот предизвикано од неможноста за контрола на лутината и гневот. Учениците, поделени во групи, ја претставуваат приказната во вид на стрип.<br>• На учениците им се презентираат најмалку две ситуации од секојдневието во кои е прикажано како некое дете е многу налутено затоа што некој или нешто го спречува да го прави тоа што сака да го прави во тој момент. По прочитување на секоја ситуација, од учениците, поделени во групи, се бара да смислат како би |

| | |
|---|---|
| 3 часа | можело детето да реагира во таквата ситуација. Одговорите ги презентираат пред сите. Потоа наставникот ги презентира четирите основни начини на контрола на сопствената лутина (броење до 10, одложување, пишување пораки, замислување) и секоја група ученици смислува кој начин би можел да се примени за контрола на лутината во претходно опишаните ситуации. На крајот учениците наведуваат примери за ситуации од нивното искуство во кои би можеле да се применат понудените начини за контрола на сопствената лутина.<br>• Се чита опис на конфликтна ситуација каде што е прикажано напаѓачко однесување како причина и последица од предизвикана лутина. Во отворена дискусија се анализира како лутината предизвикана кај едната страна се манифестирала со напад кон другата, што предизвикало лутина кај другата страна и реакција во вид на напад и се нудат алтернативни постапки кои би придонеле да се избегне конфликтот. Од учениците, поделени во парови, се бара да се потсетат на слични ситуации од нивното искуство кога се лутеле еден на друг и да понудат поинаков пристап за избегнување на конфликтот што се случил или што би можел да се случи. Доброволци би можеле да ги изглумат ситуациите пред сите.<br>• Наставникот чита опис на конфликтна ситуација каде што едно дете навредува друго (кое промашило гол поради што нивната екипа го загубила фудбалскиот натпревар) што предизвикало напаѓачко однесување од страна на навреденото дете. Потоа повторно ја чита приказната, но сега со очекување учениците да го прекинат секогаш кога ќе се случат постапки што го предизвикуваат и/или разгоруваат конфликтот. Во отворена дискусија се анализира конфликтот и заеднички се бараат постапки преку кои нападнатата страна би можела да го неутрализира напаѓачкото однесување предизвикано од лутината на другата страна и да доведе до разрешување или избегнување на конфликтот. На крај од учениците (индивидуално) се бара да наведат слични примери од нивното лично искуство.<br>• На учениците, поделени во групи, им се задава квиз *ТОЧНО/НЕТОЧНО* со тврдења кои го резимираат она што се учеше на часовите од темата „Лутината и конфликтите“. Откако ќе го одговорат, за точноста на дадените одговори се дискутира со сите. |

## Тема 5: *КОМУНИКАЦИЈАТА И КОНФЛИКТИТЕ*

***Знаења/вештини***

- Сфаќа дека внимателното слушање е предуслов за успешна комуникација.
- Разбира како недоразбирањето може да предизвика конфликт.
- Прави разлика меѓу несоодветно обраќање кое предизвикува конфликт и комуникација која придонесува за избегнување и/или разрешување на конфликтот.

| | |
|---|---|
| • Умее да се обраќа на незаканувачки начин, почитувајќи ги правилата за комуникација за разрешување конфликти. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Ја прифаќа важноста на незаканувачкото обраќање за избегнување и/или разрешување на конфликтите.<br>• Има критички став кон несоодветното и заканувачко обраќање што води кон конфликт. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Внимателно слушање и незаканувачко обраќање** (недоразбирање)<br>2 часа | • Учениците играат прилагодена верзија на играта „Расипан телефон“ – наставникот шепнува подолга реченица со десетина збора на првиот ученик во низата, а потоа секој ученик, откако ќе ја слушне и ќе ја пренесе на следниот, ја запишува на ливче пред себе што го крие од другите. Реченицата што ја слушнал последниот ученик во низата се запишува на табла. Реченицата на табла се споредува со реченицата што ја кажал наставникот и со неколку други реченици запишани од страна на учениците. Во отворена дискусија се анализира зошто дошло до промена во реченицата и како погрешното слушање и пренесување на слушнатото може да доведе до недоразбирање, а недоразбирањето до конфликт. Од учениците се бара да наведат ситуации од своето лично искуство каде што дошло до недоразбирање затоа што нешто не било добро слушнато и/или добро пренесено.<br>• На учениците, поделени во парови, им се дава кус опис на едно од најмалку четири различни обраќања кои се потенцијален извор на конфликт (на пример: навредување, задевање, обвинување без причина и барање учество во опасна/недозволена активност). Секој пар запишува како во таквата ситуација би реагирало дете кое не знае ништо за разрешување конфликти. Потоа парови доброволци ја изглумуваат целата ситуација, вклучително и реакцијата на оригиналното обраќање. Потоа секој пар добива сценарио за можно незаканувачко обраќање како реакција на оригиналните обраќања кои може да предизвикаат конфликт. Парови доброволци одглумуваат по една ситуација по свој избор. На крајот, во отворена дискусија, се утврдува разликата меѓу реакцијата на некој што не знае ништо за разрешување конфликти и на некој што знае да користи незаканувачко обраќање. |
| • **Правила на комуникација за разрешување конфликти**<br>4 часа | • Наставникот ги запишува на табла следните правила на комуникација: 1. Сослушај ја другата страна. 2. Укажи на проблемот, не ја обвинувај другата страна. 3. Укажи на своите чувства. 4. Почитувај ги чувствата на другата страна. 5. Фокусирај се на иднината. 6. Контролирај ја лутината. 7. Неутрализирај ги нападите на другата страна. 8. Преземи одговорност за своите постапки. Секој ученик добива лист хартија на кој е нацртан цвет во чии ливчиња треба да ги напише правилата (по едно правило во секое ливче), а потоа да го исече цветот. (Цветот се користи на сите часови на кои се работат правилата за комуникација.) |

| | |
|---|---|
| | • Наставникот презентира илустрации на повеќе ситуации кои прикажуваат различни конфликтни ситуации во кои се нарушени правилата за комуникација (по една ситуација за секое правило). За секоја ситуација објаснува кое правило е нарушено и дава пример како би требало да се реагира доколку се почитува правилото, по што се дискутира за тоа што се менува во конфликтната ситуација кога ќе се применат правилата за комуникација. Учениците, поделени во групи, го добиваат илустрираниот пример со задача да смислат слични ситуации од нивното секојдневие во кои може да се примени истото правило и да напишат како би реагирале почитувајќи го правилото. Истата постапка се повторува за секоја ситуација, а ситуациите се распоредуваат во четири часа.<br>• На учениците, поделени во групи, им се задава квиз *ТОЧНО/НЕТОЧНО* со тврдења кои го резимираат она што се учеше на часовите од темата „Комуникацијата и конфликтите“. Откако ќе го одговорат, за точноста на дадените одговори се дискутира со сите. |

| **Тема 6: *РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ*** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини*** | |
| • Има познавања за основните пристапи во разрешување конфликти кои водат кон праведни решенија.<br>• Умее да ги применува основните пристапи во разрешување на конфликтите до кои доаѓа во односите со другите деца. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Подготвен/подготвена е да презема активности кои водат кон праведни решенија на конфликтите. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Праведни решенија** (делење на половина, еден по еден, петка/глава, хумор, извинување, одложување, избегнување и барање помош)<br>8 часа | • На учениците им се прикажуваат различни конфликтни ситуации – еднаш со непријателско и друг пат со пријателско однесување кои учениците прво ги глумат. Потоа го идентификуваат соодветниот пристап во разрешување на конфликтите кој води до праведно решение, користејќи претходно подготвен постер со подвижна стрелка на кој се напишани осумте основни пристапи кои се очекува децата да ги користат за разрешување на конфликтите во нивните меѓусебни односи. На крајот учениците, поделени во групи, смислуваат и други конфликтни ситуации од нивното секојдневие кои можеле/можат да се разрешат применувајќи го дадениот пристап, ги презентираат конфликтот и решението и објаснуваат зошто сметаат дека наведеното решение е праведно. (На еден час се работи само по еден приод, со примена на истиот приод.) |
| • **Разрешување конфликти меѓу деца** | • Учениците се делат во групи и секоја група добива по еден опис на фиктивен конфликт што се случил меѓу соученици (за време на час, за време на одмор, на игралиште), меѓу другари од соседството и/или меѓу |

| | |
|---|---|
| 1 час | браќа/сестри. Секоја група го анализира својот конфликт од аспект на тоа кои се страните, како се однесува секоја страна, кои се емоциите и потребите/вредностите вклучени во конфликтот, кои правила на комуникација се прекршени и нуди праведно решение за разрешување на конфликтот. На крајот го презентира својот конфликт пред другите ученици. |
| • **Презентација на разрешување конфликти** 3 часа | • Учениците се делат во групи и секоја група бира на кој начин би им прикажала на други деца како се разрешуваат конфликтите. Прикажувањето може да биде со нацртан постер, со снимена видеопорака, со снимен видеоклип со прикажано разрешување на конфликт, со смислен текст за песна итн.<br>• Се организира настан за други ученици, родители и наставници на кој ќе се презентираат продуктите подготвени од учениците. |